*Михајло ПОПОВСКИ*
*Даниела НЕДЕЛКОВА*

**УДК: 159.942.5-053.6-055**
**159.922.8:159.942.5-055**

# РОДОВИ РАЗЛИКИ ВО ДОЖИВУВАЊЕТО, ИЗРАЗУВАЊЕТО И ВО МОТИВИТЕ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЕМОЦИИТЕ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИ

***Кратка содржина***

*Во трудот се соопштуваат резултати од истражување на родовите разлики во доживувањето, изразувањето и во мотивите за регулирање четири примарни емоции: лутина, страв, радост и тага во услови кога постоело совпаѓање и кога не постоело совпаѓање меѓу објектот и лицето (целта) спрема кого била насочена емоцијата, и кога лицето било од ист или од различен пол. Истражувањето е спроведено на примерок од 628 ученици и студенти, од кои 259 се машки, а 369 се женски. Просечната возраст на учесниците е 17.9 години. Добиените резултати, општо земено, покажуваат дека женските учесници во споредба со машките поинтензивно ги доживеале речиси сите емоции, независно од условите во кои се наоѓале и од полот на лицето со кое биле во друштво. Женските учесници, исто така, покажале подготвеност за пофреквентно манифестирање на повеќе реакции при доживувањето на сите емоции отколку машките. Најчестите образложенија кои учесниците ги давале за реакциите што ги манифестирале при доживувањето на емоциите се однесувале на мотивот за подобрување на сопствената емоционална состојба и имале, пред сè, катарзички ефекти, независно од условите во кои се давани образложенијата.*

***Клучни зборови***: *ЕМОЦИИ, ИЗРАЗУВАЊЕ ЕМОЦИИ, РЕГУЛИРАЊЕ ЕМОЦИИ, РОДОВИ РАЗЛИКИ*

Емоциите вклучуваат широк спектар на феномени, од физиолошки промени во телото, активирање одделни сознајни процеси, појава на повеќе вида доживувања до различни начини на нивно изразување и регулирање. Токму поради нивната сложена природа, која подразбира и синхронизација на низа психолошки и физиолошки процеси што го определуваат одговорот на организмот при соочувањето со емоционално побудливи реални или замислени настани, емоциите се проучуваат од различни научни перспективи. Овие проучувања во почетокот, главно, биле ориентирани кон стекнување базични психолошки и биолошки сознанија за физиолошките промени при доживувањето на емоциите и за нивните бихевиорални консеквенции. Проучувањата, меѓу другото, резултирале и со идентификација на

карактеристични обележја на определен број примарни емоции и со истакнување на нивната универзалност, како во поглед на биолошката заснованост и адаптивна функција, така и во однос на сличноста на околностите во кои се јавуваат и идентичноста на нивното изразување. Еден од првите истражувачи што ја истакнал универзалната природа на емоциите е Дарвин (Darwin, 1872), кој од еволуциска перспектива се обидел да аргументира дека сите луѓе, без оглед каде живеат и на која култура припаѓаат, фацијално ги изразуваат на ист начин емоциите што ги доживуваат. Денес, постојат повеќе емпириски докази за вроденоста и универзалноста на фацијалната експресија на емоциите, меѓу кои како особено влијателни може да се издвојат наодите на Екман, кој, самостојно или заедно со својот колега Фрисен, во повеќе наврати установил дека припадниците на многу различни култури кога биле соочувани со фотографии на луѓе со различни емоционални изрази на нивните лица, препознавале кај нив доживување на идентични примарни емоции (т.е. доживување страв, лутина, гадење, среќа, изненадување, тага и задоволство) (Ekman, 1973, 1982; Ekman & Friesen, 1969, 1971).

Иако луѓето изгледа поседуваат вродени способности на сличен начин да ги доживуваат, фацијално изразуваат и препознаваат емоции, сепак, кога, каде и како тие ќе бидат манифестирани зависи и од културните и од социјалните влијанија на кои тие се изложени. Стекнувајќи многубројни социјализациски искуства во определена култура, луѓето учат и како да ги доживуваат, регулираат и покажуваат емоциите во различни социјални контексти. Постојат т.н. правила на покажување на емоциите (Ekman & Friesen, 1969) кои може да варираат од една до друга култура, кои се учат од најрана возраст и кои со текот на времето почнуваат автоматски да се практикуваат. Во некои култури, на пример, постојат правила кои упатуваат на строго воздржување од покажување одредени емоции кога луѓето се наоѓаат во јавни ситуации, т.е. кога се надвор од нивниот дом, но не и кога се дома. Културни разлики се јавуваат и во поглед на антецедентните настани што ги побудуваат емоциите, начините на нивното доживување и оценување, вербалното означување и значајноста што им се придава во различни социјални интеракции (Scherer, 1996; Matsumoto & Juang, 2003). Ефектите од културните и социјалните влијанија врз емоциите изгледа доаѓаат до израз и при појавувањето родови разлики во интензитетот и фреквентноста на нивното доживување и изразување. Со оглед на тоа што емоциите се едни од главните мотивациски фактори на однесувањето, за да се овозможи подобра социјалната координација, во секоја култура се создаваат норми за соодветно изразување и регулирање на емоциите (Matsumoto & Hwang, 2012). Некои од овие норми се врзуваат за родовите улоги, така што е логично да се очекува мажите и жените на поинаков начин да манифестираат одредени емоции. Постојат многу емпириски наоди што го потврдуваат тоа. Според досегашната евиденција, родовите разлики повеќе се јавуваат во однос на изразувањето на емоциите отколку при нивното доживување.

Општо земено, резултатите на голем број истражувања во кои се користени различни мерки на изразувањето на емоциите (од фацијална електромиографија до процени на невербални однесувања и самоизвестувања) покажуваат дека жените се

емоционално поекспересивни од мажите. Споредено со мажите, жените повеќе ги откриваат своите чувства и во поголем степен изразуваат не само негативни емоции, како што се стравот, тагата, срамот и гадењето (Allen & Haccoun, 1976; Fujita, Harper & Weins, 1980), туку и позитивни емоции, како што се среќата и задоволството од животот (Wood, Rhodes & Whelan, 1989). Жените, исто така, почесто плачат (Lombardo et al., 1983), повеќе се изненадуваат (Fujita, Harper & Weins, 1980) и невербално изразуваат (Hall, 1984). Утврдено е дека жените покажуваат и поголема емоционална свесност од мажите (Boden & Berenbaum, 2007), поточно го препознаваат емоционалното значење на невербалните знаци, како што се фацијалните експресии (Hall & Matsumoto, 2004) и покажуваат поголема чувствителност и реактивност во емоционалните размени што се јавуваат во блиските и интимните врски. Но, покрај овие наоди, се евидентирани и спротивни тенденции во смисла дека некои емоции жените помалку ги изразуваат од мажите. Ова особено се однесува на лутината, која многу почесто и со поголем интензитет ја покажуваат мажите (Biaggio, 1980), а истото тоа важи и за гордоста (Brody & Hall, 1993).

Разликите во изразувањето на емоциите се евидентирани како при испитувања на возрасни, така и при испитувања на адолесценти и на деца. Во една метаанализа на 162 истражувачки наода во врска со појавата на насмевката кај возрасните и адолесцентите е утврдено дека женските лица опфатени со истражувањата многу почесто се насмевнувале отколку што го правеле тоа машките (LaFrance, Hecht & Levy Paluck, 2003). Во друга, пак, многу посеопфатна метаанализа на 166 истражувања на родовите разлики и на неколку модератори на разликите во изразувањето на емоциите, кај вкупно 21.709 деца и адолесценти е евидентирано постоење значајни родови разлики, но тие, општо земено, не биле толку истакнати и повеќе доаѓале до израз на одредени возрасти и во посебни контексти. На пример, откриено е дека девојчињата за разлика од момчињата манифестирале повеќе позитивни емоции, а исто така и повеќе „интернализирани“ емоции (т.е. тага, вознемиреност, сочувство и срам). Појавените разлики во позитивните емоции станувале уште поистакнати со зголемувањето на возраста. Од друга страна, пак, покажувањето на „екстернализираните“ емоции (на пример, лутина) било повеќе карактеристично за момчињата отколку за девојчињата (Chaplin & Aldao, 2012). Во некои развојни студии се утврдени и други разлики во емоционалната експресивност, така, на пример, изразувањето разочарување при добивање недопадлив подарок било повеќе манифестирано од момчиња отколку од девојчиња (Davis, 1995).

Појавата на разликите во изразувањето на повеќе емоции кај жените и мажите, а во однос на одделни емоции и на нивните варијации со текот на возраста многу автори ја поврзуваат со специфичностите на родовите улоги кои постепено се стекнуваат и обликуваат во процесот на социјализацијата. При усвојувањето на очекуваните и карактеристичните однесувања што ги определуваат улогите на жените и на мажите, во многу култури се инсистира на диференцирани родови доследности во пристапот, практикувањето и значењето што би требало да се придава на одделни активности. Меѓу повеќето обележја што ги определуваат и диференцираат родовите улоги се моќта и статусот што треба да ги имаат мажот

и жената во определен социјален систем. Ако се има предвид дека моќта обично повеќе се врзува за улогата на мажот отколку за улогата на жената, многу е веројатно дека кај нив ќе постои и различна подготвеност за манифестирање емоции што ја истакнуваат моќта и асертивноста (на пример, лутина и презир) и емоции што ја имплицираат немоќта или беспомошноста (на пример, страв, тага и срам). На овие дистинктивни обележја се надоврзуваат и широкораспространетите верувања дека за мажите е својствено да се емоционално постабилни и дека за нив изгледа природно да настојуваат да се однесуваат повеќе како стоици во емоционално побудливи ситуации, што би резултирало и со нивна поголема контрола врз покажувањето на емоциите. За жените, пак, се верува дека имаат многу почувствителна и поранлива природа, така што од нив се очекува поинтензивно да реагираат на одредени емоционални состојби и настани и многу поманифестно да го покажуваат она што го доживуваат.

Постоењето различни очекувања за доживувањето и за изразувањето на емоциите кај мажите и жените веројатно има свои рефлексии и врз стратегиите што се применуваат за нивно регулирање. Регулирањето на емоциите е сложен феномен што вклучува надворешни и внатрешни процеси одговорни за надгледување, оценување и модификување на емоционалните реакции (особено во поглед на нивниот интензитет и траење) за постигнување определени цели (Thompson, 1994). Со оглед на тоа што емоциите имаат клучна улога во меѓусебните односи на луѓето и укажуваат на низа нивни потреби, намери и цели, за луѓето е важно како нив ќе ги регулираат и манифестираат. Емоциите може во голема мера да ги обликуваат и определат социјалните интеракции, т.е. да влијаат врз установувањето, одржувањето или прекинувањето на меѓусебните односи, да го регулираат балансот на моќта, да поттикнат или оневозможат преземање различни активности и слично. Емоциите не се регулираат само затоа што определено лице смета дека тие треба да бидат во согласност со актуелните и доминантните норми, туку и поради очекуваните последици од емоционалното однесување (Fischer et al., 2004). Многу емоции кои изгледа дека се во основа социјални по својата природа не се такви поради она што нив ги предизвикува, туку поради она што тие го мотивираат лицето да направи нешто или да не направи (Frijda & Mesquita, 1994). Луѓето се мотивирани да ги модификуваат своите емоции за да ги постигнат целите што ги посакуваат во социјалните ситуации.

Ако се има на ум функционалноста на регулирањето на емоциите во однос на целите што сака некое лице да ги постигне во дадена ситуација, а исто така и можноста мажите и жените да имаат различни цели во определни интеракциски контексти, очекувано е кај нив да постојат и различни мотивациски тенденции во врска со начинот и степенот на регулирањето на емоциите. Според согледувањата на Фишер и сор. (Fischer et al., 2004), мотивите за регулирање на изразувањето на емоциите се јавуваат на две нивоа: интраиндивидуално и интериндивидуално. На интраиндивидуално ниво е доминантен мотивот за подобрување на сопствената емоционална состојба што може да има хедонистички или катарзички ефекти, т.е. да резултира со создавање и одржување позитивни емоционални состојби или, пак, со

ослободување (олеснување) од непријатни емоционални доживувања. Луѓето сакаат да се чувствуваат добро и настојуваат да го постигнат тоа. На интериндивидуално ниво доаѓаат до израз мотиви што се однесуваат на ефектите од изразувањето на емоциите врз односите со другите луѓе. Обично се идентификуваат три типа такви мотиви: мотиви за управување со импресиите, мотиви за помагање и одржување на односите со другите и мотиви за влијание врз другите. За првиот тип мотиви е карактеристично тоа што регулирањето на емоциите се врши за да се избегне негативната евалуација од другите што се јавува поради несоодветноста (родова, социјална, ситуациска) на манифестираните емоции. Вториот тип мотиви се поврзани со тежнението за заштита на другите, за изразување поддршка, грижа и љубов, а исто така и за задржување или продлабочување на односите со другите. На пример, споделувањето на радоста или среќата што ја доживуваме со некој друг обично има позитивно влијание врз квалитетот на нашите односи. Третиот тип мотиви се однесуваат на можноста преку изразувањето на емоциите да се влијае врз однесувањето на другите, т.е. да се прекине, коригира или промени нечие однесување. Тоа може да се направи, на пример, со изразување лутина или разочарување кон некого кој почнал да навредува или исмејува.

Појавата на кој и да е мотив за регулирање на изразувањето на емоциите во определена насока, се разбира, не зависи само од родовата припадност, туку и од специфичните карактеристики на контекстот во кој се случува тоа, како што е, на пример, односот меѓу објектот и целта на емоциите. Под објект на емоциите се подразбира она за што се изразува некоја емоција, а под цел лицето спрема кого е насочена емоцијата што се изразува (Timmers, Fischer & Manstead, 1998). Кога, на пример, се изразува некоја емоција кон некого кој е, исто така, објект на емоцијата, т.е. кога целта и објектот на емоцијата се исти, изразувањето на емоцијата може да биде поинакво отколку во случајот кога не постои совпаѓање меѓу целта и објектот. Покрај тоа, можно е регулирањето на изразувањето на емоциите да биде посредувано и од полот на лицето кое е цел на емоцијата или кое е само присутно во ситуацијата во која се изразува емоцијата.

Имајќи ги предвид досегашните емпириски наоди и споменатите можности за појава на родови разлики во интензитетот на доживувањето на емоциите, а исто така и во поглед на нивното изразување и регулирање, целта на истражувањето чии резултати се соопштуваат во овој труд е да одговори на следниве три прашања:

1. Дали постојат разлики во интензитетот на доживувањето на примарните емоции: лутина, страв, радост и тага кај адолесцентите од машки и од женски пол, во услови кога постои совпаѓање и кога не постои совпаѓање меѓу објектот и лицето (целта) спрема кого е насочена емоцијата и кога тоа лице е од ист или од различен пол?
2. Како ги изразуваат адолесцентите од машки и од женски пол доживеаните емоции и дали го прават тоа на различен начин, во услови кога постои и кога не постои совпаѓање меѓу објектот и лицето (целта) спрема кого е насочена емоцијата и кога тоа лице е од од ист или од различен пол?

3. Дали постојат разлики во мотивите за регулирање на изразувањето на доживеаните емоции кај адолесцентите од машки и од женски пол, во услови кога постои совпаѓање и кога не постои совпаѓање меѓу објектот и лицето (целта) спрема кого е насочена емоцијата и кога тоа лице е од од ист или од различен пол?

### *Метод*

**Учесници.** Во истражувањето учествуваа вкупно 628 ученици и студенти, од кои 337 беа ученици од прва и од трета година во четири скопски гимназии („Никола Карев", „Јосип Броз-Тито", „Георги Димитров" и „Орце Николов"), а 291 студент од прва и од трета година на пет факултети на УКИМ (Филозофски факултет, Правен факултет „Јустинијан Први", Медицински факултет, Природно-математички факултет и Земјоделски факултет). Сите ученици се со постојано место на живеење во градот Скопје, а студентите се од различни населени места во Република Македонија. Учесниците беа на возраст од 15 до 21 година (M = 17.91) и 259 од нив се машки, а 369 се женски.

**Инструмент и постапка.** Прибирањето податоци се вршеше со Прашалник во кој покрај прашања за полот, возраста, местото на постојано живеење и за училиштето/факултетот каде што се образуваат учесниците, се наоѓаа осум кратки описи на животни случки (вињети) и по три идентични прашања поврзани со секоја случка. Случките беа користени за поттикнување одговори кај учесниците во врска со доживување на четири примарни емоции: лутина, страв, радост и тага. Учесниците беа соочувани со по две случки за секоја емоција, при што во едната случка постоеше совпаѓање меѓу објектот (она што ја предизвикуваше емоцијата) и лицето (целта) спрема кого беше насочена емоцијата, а во другата случка не постоеше такво совпаѓање. Имено, лутината во едната случка беше доживувана поради оштетување позајмена облека од страна на другар/другарка, а во другата случка поради оштетување велосипед од непознат сторител. Стравот во едната случка беше доживуван поради неконтролирано возење автомобил од другар/другарка, а во другата случка поради можноста од напад на непозната група момчиња. Радоста во едната случка беше доживувана поради пронаоѓање изгубен клуч од страна на другар/другарка, а во другата случка поради неочекувано честитање роденден од симпатија. Тагата во едната случка беше доживувана поради трајно иселување во далечна земја на другар/другарка, а во другата случка поради болен роднина што лежи во болница. При соочувањето со секоја случка, од учесниците се бараше да се замислат себеси како главен актер во случката, во која покрај него е присутно и друго лице (другар или другарка). Тоа лице во сите осум случки беше од ист пол како и актерот или од различен пол. За да го илустрираме начинот на кој се претставени случките, наведуваме две од нив, и тоа оние што беа користени за предизвикување страв:

а) „Твојот (постар) другар штотуку положил возачки испит и те поканил да се повозите малку со автомобилот на неговите родители. Набргу забележуваш дека тој иако си мисли дека е добар возач, сепак, не само што не вози добро туку и премногу ризикува. Престигнува возила и кога треба и кога не треба. Веќе по вторпат се случува престигнувајќи со голема брзина за малку директно да се судри со камион“;

б) „Ти и твојот другар доцна навечер се наоѓате во непознат дел од градот. Брзате да го фатите последниот автобус за дома. Околу вас е прилично пусто. Влегувајќи во една тесна и темна уличка, забележувате дека од спротивната страна наидуваат поголема група непознати момчиња. Тие се премногу бучни и изгледаат застрашувачки. Наеднаш сфаќате дека ќе ви го препречат патот“.

По читањето на секоја случка, учесниците одговараа на три прашања. Првото прашање се однесуваше на тоа колку случката би предизвикала одредена емоција кај нив и на него тие одговараа со избор на еден од пет понудени одговори кои одразуваа различни степени на побуденост и доживеаност на емоцијата, од недоживување на емоцијата (1) до преголемо доживување (5). Второто прашање се однесуваше на начините на кои учесниците би ја изразиле доживеаната емоција со наведување на една или на повеќе од следниве можни реакции: би му кажал на другарот како се чувствувам; би заплакал; би се расправал; би се стаписал; би врескал; би го гушнал другарот; би се заблагодарил; би молчел; би удирал; би го прашал што се случило; би се смеел; би заминал; би пцуел; би скокал; би запеал; би избегал; би се намуртил; би навредувал; и друго: ___. Мотивите за пројавените начини на изразување на доживеаната емоција беа идентификувани со третото прашање кое овозможуваше избор на еден или на повеќе од следниве понудени одговори формулирани во вид на образложенија: за да не покажам слабост; за да го споделам она што го чувствувам; за да искажам благодарност; за да имам контрола над ситуацијата; за да ми олесни; за да не се ставам во непријатна ситуација; за да го покажам она што го чувствувам; за да искажам љубезност; за да не испаднам глупав; за да не го расипам другарството; за да имам контрола врз себеси; за да го посоветувам; и друго: ___.

За да се избегнат какви било ефекти на редоследот на случките врз одговорите на учесниците, тој беше менуван и определуван по случаен пат за секој учесник. Прашалникот беше задаван групно, за време на редовните наставни активности на учениците и на студентите.

## *Резултати*

**Родови разлики во интензитетот на доживеаните емоции.** Во согласност со редоследот на поставените прашања во ова истражување, најпрво се анализирани прибраните податоци од самоизвестувањата на учесниците-адолесценти од машки и од женски пол за тоа колку би ја доживеале секоја од четирите емоции кога би

се нашле во улога на главни актери на случките, и тоа во услови кога постоело совпаѓање меѓу објектот (т.е меѓу она што ја предизвикало емоцијата) и лицето (т.е. целта спрема кого била насочена емоцијата), а потоа и во услови кога не постоело такво совпаѓање. Анализата вклучуваше пресметување аритметички средини (М), стандардни отстапувања (SD) и t-тест на значајност на разлики меѓу аритметичките средини на скоровите што го одразуваат интензитетот на секоја доживеана емоција кај сите машки и женски учесници во истражувањето. Збирните резултати од оваа анализа се прикажани во Табела 1, во чиј горен дел (I) се наведени резултатите за доживеаните емоции кога постоело совпаѓање меѓу објектот и лицето, а во долниот дел (II) кога не постоело такво совпаѓање. Проверката на значајноста на утврдените разлики меѓу аритметичките средини на скоровите за секоја емоција одделно откри дека сите четири емоции биле поинтензивно доживеани од женските, без оглед дали постоело совпаѓање меѓу објектот и лицето или не постоело совпаѓање. Исклучок се јавува само во случајот на доживувањето лутината и тоа во услови на несовпаѓање меѓу објектот и лицето. Оваа емоција била поинтензивно доживеана од машките, а не од женските.

**Табела 1.** Значајност на разлики меѓу просечните скорови на интензитетот на доживеаните емоции кај машките и кај женските учесници при совпаѓање (I) и несовпаѓање (II) на објектот и целта на емоциите.

| **Емоција** | **Пол** | | **t** | **Sig.** |
|---|---|---|---|---|
| | **Машки** (n=259) | **Женски** (n=369) | | |
| **I** | | | | |
| **ЛУТИНА** | M=3.45 (SD= .94) | M=3.84 (SD= .88) | 5.53 | .000** |
| **СТРАВ** | M=3.34 (SD= 1.16) | M=3.97 (SD= 1.01) | 7.21 | .000** |
| **РАДОСТ** | M=4.19 (SD= .98) | M=4.54 (SD= .72) | 5.30 | .000** |
| **ТАГА** | M=3.97 (SD= .98) | M=4.71 (SD= .94) | 12.03 | .000** |
| **II** | | | | |
| **ЛУТИНА** | M=4.44 (SD= .85) | M=4.27 (SD= .88) | 2.46 | .014** |
| **СТРАВ** | M=2.61 (SD= 1.19) | M=3.95 (SD= .99) | 15.29 | .000** |
| **РАДОСТ** | M=4.13 (SD= .99) | M=4.57 (SD= .71) | 6.43 | .000** |
| **ТАГА** | M=4.44 (SD= .76) | M=4.70 (SD= .52) | 5.08 | .000** |

**$p < .01$

Со оглед на тоа што во случките покрај главниот актер е присутно и друго лице претставено како другар или како другарка, за да се провери дали интензитетот на доживеаната емоција кај машките и кај женските бил посредуван од полот на присутното лице, беше применета еднонасочна анализа на варијансата. Тоа се јави како неопходност затоа што, всушност, постоеја одговори на четири групи учесници: првата група беа машки кои ги изразуваа емоциите пред другар (1. ММ / n = 134); втората група беа машки кои ги изразуваа емоциите пред другарка (2. МЖ / n = 125); третата група беа женски кои ги изразуваа емоциите пред другарка (3. ЖЖ / n = 195); и четвртата група беа женски кои ги изразуваа емоциите пред другар (4. ЖМ / n = 174). F-тестот на значајноста на разликите меѓу аритметичките средини откри дека постојат значајни варијации во интензитетот на секоја доживеана емоција при споредбите на четирите групи учесници, како во услови на совпаѓање меѓу објектот и лицето, така и во услови на несовпаѓање меѓу нив (Табела 2).

**Табела 2.** Значајност на разлики меѓу просечните скорови на интензитетот на доживеаните емоции кај машките и кај женските учесници кога е присутно друго лице од ист или од различен пол при совпаѓање (I) и несовпаѓање (II) на објектот и целта на емоциите.

| **I** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Емоција** | **ММ 1** | **МЖ 2** | **ЖЖ 3** | **ЖМ 4** | **F** | **Sig.** | **Post hoc споредби** |
| **ЛУТИНА** | M=3.44 (SD= .97) | M=3.46 (SD= .92) | M=3.87 (SD= .91) | M=3.82 (SD= .86) | 9.53 | .000** | 1=2; 3=4; 1,2<3,4 |
| **СТРАВ** | M=3.47 (SD= 1.11) | M=3.20 (SD= 1.20) | M=3.89 (SD= 1.02) | M=4.06 (SD= .99) | 19.61 | .000** | 1=2; 3=4; 1,2<3,4 |
| **РАДОСТ** | M=4.26 (SD= .96) | M=4.11 (SD= .99) | M=4.55 (SD= .72) | M=4.54 (SD= .72) | 10.00 | .000** | 1=2; 3=4; 1,2<3,4 |
| **ТАГА** | M=4.01 (SD= .94) | M=3.94 (SD= 1.02) | M=4.71 (SD= .56) | M=4.71 (SD= .55) | 48.35 | .000** | 1=2; 3=4; 1,2<3,4 |
| **II** | | | | | | | |
| **ЛУТИНА** | M=4.54 (SD= .83) | M=4.33 (SD= .85) | M=4.29 (SD= .92) | M=4.24 (SD= .82) | 3.33 | .019* | 1=2=3; 2=3=4; 1>4 |
| **СТРАВ** | M=2.74 (SD= 1.20) | M=2.48 (SD= 1.16) | M=3.97 (SD= 1.02) | M=3.94 (SD= .97) | 79.44 | .000** | 1=2; 3=4; 1,2<3,4 |
| **РАДОСТ** | M=4.04 (SD= 1.06) | M=4.23 (SD= .88) | M=4.51 (SD= .74) | M=4.63 (SD= .66) | 15.73 | .000** | 1=2; 3=4; 1,2<3,4 |
| **ТАГА** | M=4.57 (SD= .66) | M=4.30 (SD= .83) | M=4.73 (SD= .49) | M=4.66 (SD= .55) | 13.16 | .000** | 1=3=4; 1,3,4>2 |

$^{**}p < .01$; $^{*}p < .05$

Имајќи предвид дека станува збор за значајност на разлики меѓу четири аритметички средини, за да се утврдат изворите на разликите се направени дополнителни (post hoc) споредби со примена на тестот на Шефе за повеќекратни споредувања. Резултатите од дополнителните споредби покажуваат дека во услови на совпаѓање меѓу објектот и целта на емоциите, машките ја доживеале секоја од четирите емоции со сличен интензитет, без оглед дали биле во друштво со другар или со другарка. Иста таква тенденција е присутна и кај женските, така што пројавените разлики во интензитетот на доживеаната лутина, страв, радост и тага кај четирите групи учесници, всушност, се должат на фактот што секоја од групите женски учесници поинтензивно ги доживеале емоциите од двете групи машки учесници. Истото тоа важи и за разликите во интензитетот на доживеаните емоции страв и радост во услови на несовпаѓање меѓу објектот и целта на емоциите. Но, кога станува збор за разликите во интензитетот на доживеаната лутина и тага, доаѓаат до израз ефектите на други соодноси. Во случајот со лутината, значајноста на разликите меѓу аритметичките средини утврдена со F-тестот се должи само на тоа што групата машки учесници кои биле во друштво со другар доживеале поголема лутина од групата женски учесници кои, исто така, биле во друштво со другар. Тагата, пак, била повеќе доживеана од групата машки учесници кои биле во друштво со другар и од двете групи женски учесници во споредба со групата машки учесници кои биле во друштво со другарка.

**Родови разлики во изразувањето на емоциите.** За изразување на секоја емоција учесниците имаа можност да избираат една или повеќе реакции од вкупно осумнаесет наведени, а исто така и самостојно да наведат некоја друга реакција за која сметаат дека би ја манифестирале при доживувањето на емоцијата. При обработката на прибраните податоци за соопштените реакции, беше утврдувана нивната фреквентност и процентуална застапеност, а покрај тоа беше применет и $\chi^2$-тестот за да се утврди дали постојат значајни разлики во фреквентноста на наведуваните реакции од машките и од женските учесници. Имајќи го предвид начинот на кој е поставено второто прашање, прво се соопштуваат резултатите за изразувањето на емоциите во услови на совпаѓање меѓу објектот и лицето спрема кого била насочена емоцијата, а потоа и резултатите за изразувањето на емоциите во услови на несовпаѓање меѓу објектот и лицето.

Според фреквентноста на наведувањето на секоја реакција што би се манифестирала при доживувањето одредена емоција кога постоело совпаѓање меѓу објектот и лицето спрема кого била насочена емоцијата, може да се идентификуваат неколку општи тенденции во одговорите на учесниците: прво, бројот на вкупните наведени реакции варира од една до друга емоција; второ, при изразувањето на емоциите некои реакции многу често се наведувани од учесниците, а некои многу ретко; и трето, некои реакции учесниците почесто ги наведувале само во однос на една емоција, а други во однос на две, три или во однос на сите четири емоции. Учесниците најмногу пати соопштиле реакции при изразувањето тага (1.478), нешто помалку при изразувањето радост (1.395) и лутина (1.200), а најмалку при изразувањето страв (1.006). Лутината е најчесто изразувана преку следниве реакции:

би му кажал/а на другарот/другарката како се чувствувам, би се расправал/а, би се стаписал/а, би го прашал/а што се случило, би пцуел/а и би се намуртил/а. Стравот е најчесто изразуван преку реакциите: би му кажал/а на другарот/другарката како се чувствувам, би се расправал/а, би се стаписал/а, би врескал/а, би го прашал/а што се случило, би се смеел/а, би заминал/а и би пцуел/а. Радоста е најчесто изразувана преку реакциите: би му кажал/а на другарот/другарката како се чувствувам, би го гушнал другарот/другарката, би се заблагодарил/а, би го прашал/а што се случило, би се смеел/а и би скокал/а. Тагата, пак, е најчесто изразувана преку реакциите: би му кажал/а на другарот/другарката како се чувствувам, би заплакал/а, би се стаписал/а, би го гушнал другарот/другарката, би молчел/а, би го прашал/а што се случило.

Проверката на разликите во изразувањето на емоциите кај машките и кај женските учесници откри дека и покрај сличностите што се јавуваат во подготвеноста за манифестирањето одделни реакции, постојат и значајни разлики во однос на нивната фреквентност. Тие разлики во изразувањето, на пример, на лутината се огледаат во тоа што женските многу почесто од машките би му кажале на другарот/другарката како се чувствуваат [$\chi^2$ (1, N = 628) = 48.77, $p < .01$], би заплакале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 6.51, $p < .01$] и би се стаписале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 15.99, $p < .01$]. Машките, пак, почесто од женските само би пцуеле [$\chi^2$ (1, N = 628) = 15.99, $p < .01$]. При доживувањето на стравот женските почесто би му кажале на другарот/другарката како се чувствуваат [$\chi^2$ (1, N = 628) = 55.01, $p < .01$], би се стаписале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 8.25, $p < .01$], би врескале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 44.51, $p < .01$], а машките почесто би се смееле [$\chi^2$ (1, N = 628) = 9.21, $p < .01$] и би пцуеле [$\chi^2$ (1, N = 628) = 19.29, $p < .01$]. Кога станува збор за радоста, неа почесто ја покажувале женските и тоа на следниов начин: би му кажале на другарот/другарката како се чувствуваат [$\chi^2$ (1, N = 628) = 4.89, $p < .05$], би го гушнале другарот/другарката [$\chi^2$ (1, N = 628) = 49.77, $p < .01$], би се заблагодариле [$\chi^2$ (1, N = 628) = 6.95, $p < .01$], би се смееле [$\chi^2$ (1, N = 628) = 5.92, $p < .01$] и би скокале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 6.46, $p < .01$]. Иста тенденција постои и во однос на изразувањето на тагата, само што овде женските наведувале и друг вид реакции, т.е. тие, за разлика од машките, почесто би заплакале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 222.24, $p < .01$], би се стаписале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 9.12, $p < .01$], би го гушнале другарот/другарката [$\chi^2$ (1, N = 628) = 18.39, $p < .01$] и би прашале што се случило [$\chi^2$ (1, N = 628) = 6.77, $p < .01$].

Поради тоа што машките и женските учесници при доживувањето и изразувањето на емоциите секогаш се во друштво на друго лице кое може да е од ист или од различен пол, беа направени дополнителни проверки за да се утврди дали би се јавиле и друг вид варијации. Во случајот на изразувањето на емоциите кај машките во присуство на другар или на другарка, евидентирани се неколку значајни разлики и тоа во однос на стравот - тие почесто би се смееле кога се со другарка отколку кога се со другар [$\chi^2$ (1, N = 259) = 5.71, $p < .05$], радоста – почесто би гушнале другарка отколку другар [$\chi^2$ (1, N = 259) = 21.44, $p < .01$] и тагата – почесто би заплакале пред другарка отколку пред другар [$\chi^2$ (1, N = 259) = 5.71, $p < .05$]. Кога женските ги изразувале емоциите пред другарка или пред другар, значајни разлики се јавуваат само при доживувањето на стравот во смисла дека тие почесто би му

кажале на другар како се чувствуваат отколку на другарка [$\chi^2$ (1, N = 369) = 6.36, $p$ < .01] и при доживувањето на радоста, во смисла дека почесто би прашале другар што се случило отколку што би прашале другарка [$\chi^2$ (1, N = 369) = 6.29, $p$ < .01].

Резултатите од идентичната анализа на прибраните податоци за изразувањето на емоциите во услови кога не постоело совпаѓање меѓу објектот и лицето спрема кого била насочена емоцијата покажуваат дека постојат слични тенденции во одговорите на учесниците како и кога постоело совпаѓање меѓу објектот и лицето. Она што е во овие услови различно е зголемениот број реакции (24 наспроти 17) според кои машките и женските учесници се разликуваат при изразувањето на четирите емоции. При изразувањето на лутината женските многу почесто од машките навеле дека: би му кажале на другарот/другарката како се чувствуваат [$\chi^2$ (1, N = 628) = 10.99, $p$ < .01], би заплакале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 7.64, $p$ < .01], би се стаписале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 39.84, $p$ < .01], би врескале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 16.93, $p$ < .01] и би се намуртиле [$\chi^2$ (1, N = 628) = 13.48, $p$ < .01]. Машките, пак, почесто би удирале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 13.41, $p$ < .01] и би пцуеле [$\chi^2$ (1, N = 628) = 21.18, $p$ < .01]. Во врска со покажувањето на стравот, женските почесто би реагирале на следниве начини: би му кажале на другарот/другарката како се чувствуваат [$\chi^2$ (1, N = 628) = 23.48, $p$ < .01], би се стаписале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 66.66, $p$ < .01], би врескале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 13.59, $p$ < .01], би го гушнале другарот/другарката [$\chi^2$ (1, N = 628) = 8.64, $p$ < .01], би заминале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 4.61, $p$ < .05] и би избегале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 21.91, $p$ < .01]. За разлика од женските, машките почесто само би удирале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 17.48, $p$ < .01]. И при покажувањето на радоста женските почесто би ги манифестирале следниве реакции: би му кажале на другарот/другарката како се чувствуваат [$\chi^2$ (1, N = 628) = 12.47, $p$ < .01], би врескале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 31.11, $p$ < .01], би го гушнале другарот/другарката [$\chi^2$ (1, N = 628) = 56.34, $p$ < .01], би се смееле [$\chi^2$ (1, N = 628) = 11.31, $p$ < .01], би скокале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 36.65, $p$ < .01] и би запеале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 9.84, $p$ < .01]. При изразувањето на тагата, женските почесто би заплакале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 118.11, $p$ < .01] и би го гушнале другарот/другарката [$\chi^2$ (1, N = 628) = 74.79, $p$ < .01], а машките почесто би молчеле [$\chi^2$ (1, N = 628) = 11.57, $p$ < .01] и би се намуртиле [$\chi^2$ (1, N = 628) = 6.25, $p$ < .01].

Проверката на разликите во изразувањето на емоциите кај машките учесници кога биле со другар или со другарка покажа дека се појавуваат неколку значајни разлики и тоа: при покажувањето на стравот тие почесто би реагирале со удирање пред другар отколку пред другарка [$\chi^2$ (1, N = 259) = 7.78, $p$ < .01]; радоста би ја изразиле со кажување на тоа како се чувствуваат пред другарка отколку пред другар [$\chi^2$ (1, N = 259) = 6.37, $p$ < .01] и со гушкање на другарка, а не на другар [$\chi^2$ (1, N = 259) = 7.57, $p$ < .01]; тагата, исто така, би ја покажале со почесто гушкање на другарка [$\chi^2$ (1, N = 259) = 8.99, $p$ < .01]. Женските, пак, при изразувањето на стравот почесто би си заминале [$\chi^2$ (1, N = 369) = 4.19, $p$ < .05] и би избегале [$\chi^2$ (1, N = 369) = 3.96, $p$ < .05] кога би биле со другарка, а не со другар, а радоста почесто би ја искажале со изразување благодарност на другар отколку на другарка [$\chi^2$ (1, N = 369) = 6.47, $p$ < .01].

**Родови разлики во мотивите за регулирање на изразувањето на емоциите.** Мотивите за регулирање на изразувањето на емоциите беа идентификувани преку прашањето кое ги упатуваше учесниците да наведат едно или повеќе образложенија за причините на манифестираните реакции при доживувањето на секоја емоција. Овие образложенија се однесуваат, всушност, на четири различни мотиви за регулирање на емоциите: мотив за подобрување на сопствената емоционална состојба (образложение: за да ми олесни, за да го споделам она што го чувствувам, за да го покажам она што го чувствувам, за да имам контрола над себеси); мотив за управување со импресиите на другите (образложение: за да не покажам слабост, за да не испаднам глупав/а, за да не се ставам во непријатна ситуација); мотив за помагање и одржување на односите со другите (образложение: за да не го расипам другарството, за да искажам благодарност, за да искажам љубезност); и мотив за влијание врз другите (образложение: за да имам контрола над ситуацијата, за да го/ја посоветувам).

Пред да се изложат резултатите од споредбите меѓу машките и женските учесници во поглед на фреквентноста на образложенијата што тие ги давале, а со тоа и на фреквентноста на одделни мотиви за регулирање на изразувањето на емоциите, неопходно е да се изнесат две општи согледувања. Прво, најчестонаведуваните образложенија за манифестираните реакции, како од машките, така и од женските, се однесуваат на мотивот за подобрување на сопствената емоционална состојба, и тие во основа имаат катарзички ефекти. Второ, за изразувањето на некоја емоција некогаш се даваат поразновидни образложенија (на пример, за изразувањето на лутината во услови на совпаѓање меѓу објектот и лицето учесниците прилично фреквентно наведуваат образложенија што се однесуваат на сите четири гореспомнати мотиви), а во врска со некоја друга емоција се даваат поеднозначни образложенија (на пример, за изразувањето на тагата, во услови на совпаѓање и во услови на несовпаѓање меѓу објектот и лицето, речиси сите најчесто наведувани образложенија се однесуваат на мотивот за подобрување на сопствената емоционална состојба).

Споредбата меѓу машките и женските учесници во однос на фреквентноста на изнесените образложенија за изразувањето одредена емоција, во услови кога постоело совпаѓање меѓу објектот и лицето спрема кого била насочена емоцијата, открива дека тие секогаш не ги давале образложенијата со иста или слична фреквентност. Во врска со изразувањето на лутината женските почесто од машките навеле дека реакциите ги манифестирале: за да го споделат она што го чувствувале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 31.02, $p < .01$]; за да им олесни [$\chi^2$ (1, N = 628) = 8.15, $p < .01$]; и за да го покажат она што го чувствувале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 7.73, $p < .01$]. И во врска со изразувањето на стравот женските се тие кои почесто од машките навеле дека реакциите ги манифестирале: за да го споделат она што го чувствувале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 15.46, $p < .01$], за да го покажат она што го чувствувале [$\chi^2$ (1, N = 628) = 7.72, $p < .01$], но и за да го посоветуваат лицето спрема кого била насочена емоцијата [$\chi^2$ (1, N = 628) = 5.50, $p < .05$]. Во однос на радоста, женските почесто ги давале следниве образложенија: за да го споделам она што го чувствувам [$\chi^2$ (1, N = 628) = 8.35, $p < .01$] и за да искажам благодарност [$\chi^2$ (1, N = 628) = 23.50, $p < .01$]. Изразувањето

на тагата, исто така, било почесто образложувано од женските и тоа на следниве начини: за да го споделам она што го чувствувам [$\chi^2$ (1, N = 628) = 29.85, $p < .01$]; за да им олесни [$\chi^2$ (1, N = 628) = 13.09, $p < .01$]; за да не се ставам во непријатна ситуација [$\chi^2$ (1, N = 628) = 6.97, $p < .01$]; и за да го покажам она што го чувствувам [$\chi^2$ (1, N = 628) = 26.09, $p < .01$].

Многу слични разлики во фреквентноста на образложенијата што ги наведувале машките и женските учесници за начините на кои ги изразувале емоциите се појавуваат и кога не постоело совпаѓање меѓу објектот и лицето спрема кого била насочена емоцијата. И во овие услови, во врска со изразувањето на лутината, стравот, радоста и тагата, женските почесто ги наведувале од машките образложенијата што се однесуваат, пред сè, на мотивот за подобрување на сопствената емоционална состојба.

Кога станува збор, пак, за можните разлики меѓу машките и женските учесници во поглед на фреквентноста на наведуваните образложенија за изразувањето на емоциите кога биле заедно со лице од ист или од различен пол, резултатите од проверките на значајноста на разликите (како во услови на совпаѓање, така и во услови на несовпаѓање меѓу објектот и лицето спрема кого била насочена емоцијата) не откриваат некои позабележливи отстапувања од веќе спомнатите тенденции во одговорите на учесниците.

## *Дискусија*

Во рамките на систематските настојувања за разбирање и објаснување на сложената природа на емоциите се проучувани повеќе нивни аспекти. Ова истражување се надоврзува на досегашните истражувачки напори за идентификација на варијациите во доживувањето, изразувањето и регулирањето на емоциите кои се поврзани со родовата припадност на луѓето. Начинот на којшто истражувањето е конципирано и спроведено е конзистентен со дел од истражувачките парадигми што се применуваат за стекнување соодветни сознанија за оваа проблематика. Специфичноста на истражувањето се огледа во тоа што интензитетот на доживувањето на емоциите лутина, страв, радост и тага и начинот на нивното изразување и регулирање кај адолесцентите од машки и од женски пол е испитуван во услови кога постоело и кога не постоело совпаѓање меѓу објектот и лицето спрема кого била насочена одредена емоција, а покрај тоа и во услови кога учесниците во истражувањето, т.е. главните актери во случките што ги побудувале емоциите биле во друштво со лице од ист или од различен пол.

Во однос на интензитетот на доживеаните емоции, добиените резултати покажуваат дека женските учесници во споредба со машките поинтензивно ги доживеале речиси сите емоции, независно од тоа дали се наоѓале во услови кога постоело совпаѓање меѓу објектот и лицето спрема кого била насочена емоцијата или кога не постоело такво совпаѓање. Овој наод иако не е експлицитно претпоставен, тој е очекуван затоа што и во други истражувања е утврдено дека

жените соопштувале поинтензивни доживувања на емоциите од мажите (Allen & Haccoun, 1976; Allen & Hamsher, 1974; Schwartz, Brown & Ahern, 1980; Grossman & Wood, 1993). Стабилноста на оваа општа тенденција се огледа и во фактот што во повеќето случаи појавените разлики останувале исти без оглед дали при доживувањето на емоциите учесниците биле во друштво со лице од ист или од различен пол. Отстапување од оваа тенденција се јавува само при доживувањето на лутината, која во условите на несовпаѓање меѓу објектот и лицето поинтензивно ја доживеале машките во споредба со женските. Причината за противречноста на резултатите во врска со интензитетот на доживеаната лутина во едните и во другите услови веројатно треба да се бара во важноста која машките им ја припишувале на она што ја предизвикало лутината во двете случки (да се потсетиме, во првата случка станува збор за предизвикување лутина поради оштетување позајмена облека, а во втората поради оштетување велосипед од непознат сторител).

Проверката на можноста интензитетот на доживеаните емоции да биде во одреден степен посредуван од полот на лицето што било во друштво со главниот актер на случките покажа дека таквата можност, сепак, е ограничена. Само во случајот на доживеаната лутина и тага, и тоа кога не постоело совпаѓање меѓу објектот и лицето, се јавиле варијации што би можеле да ја потврдат неа.

Резултатите за родовите разлики во врска со начините и фреквентноста на изразувањето на емоциите се надоврзуваат на она што е утврдено за интензитетот на нивното доживување и се конзистентни со повеќе наоди во други истражувања. И во овој случај, без оглед дали постоело совпаѓање или не постоело совпаѓање меѓу објектот и лицето, женските учесници покажале подготвеност за пофреквентно манифестирање на повеќе реакции при доживувањето на сите предизвикани емоции отколку машките. Реакциите во најголемиот број случаи соодветствуваат на природата на случките и на доживеаните емоции во врска со нив, а исто така и на очекуваните начини за изразување на емоциите. Според добиените резултати, женските почесто би ја покажале: лутината, со кажување на она што го чувствуваат на другарот/другарката, со стаписување и заплачување; стравот, со кажување на она што го чувствуваат на другарот/другарката, стаписување и врескање; радоста, со кажување на она што го чувствуваат на другарот/другарката, гушкање на другарот/другарката, заблагодарување, смеење и скокање; и тагата, со стаписување, гушкање на другарот/дугарката и прашување на другарот/другарката за она што се случило. Машките, пак, почесто би манифестирале само една реакција при доживување лутина (пцуење) и две реакции при доживување страв (смеење и пцуење). Поголемата воздржаност на машките во однос на изразувањето на емоциите, а исто така и манифестирањето несоодветна реакција како што е смеењето при доживувањето страв е во согласност со стереотипизираните верувања и очекувања за тоа како треба да се однесуваат машките во емоционално побудливи ситуации, особено во ситуации што предизвикуваат страв. Во прилог на ова објаснување е и наодот дека машките почесто би се смееле при доживувањето страв кога би биле во друштво на другарка, а не кога би биле со другар. Од друга страна, пак, кога станува збор за доживувањето радост или тага, тие се повеќе склони кон поотворено

и понеинхибирано нивно покажување (преку гушкање или заплачување), особено кога се наоѓаат во друштво на другарка, а не во друштво на другар.

Разликите во изразувањето на емоциите меѓу машките и женските учесници во услови кога не постоело совпаѓање меѓу објектот и лицето го следат трендот на појавените разлики во услови кога постоело такво совпаѓање, но сега се помногубројни. Женските, на пример, покрај веќе наведените реакции при покажувањето на лутината во услови на совпаѓање меѓу објектот и лицето, тие не би се воздржувале да манифестираат и реакции како што се врескањето и муртењето. При доживувањето на стравот тие и би заминале или би побегнале од ситуацијата која има загрозувачки импликации за нив, а при доживувањето на радоста тие дури и би запеале. Во овие услови, и машките избрале повеќе реакции што почесто би ги манифестирале од женските, а особено е индикативно тоа што при доживувањето тага тие почесто би молчеле и би биле намуртени од женските. Интересно е што во овие услови кога присутното лице кое не е одговорно за предизвикување на емоцијата што ја доживува актерот е од ист или од различен пол, дел од појавените разлики во реакциите меѓу машките и женските стануваат уште позабележливи во поглед на нивната научена родова соодветност.

Анализата на видот и на фреквентноста на образложенијата кои учесниците ги давале за реакциите што ги манифестирале при доживувањето на емоциите покажа дека тие најчесто се однесуваат на мотивот за подобрување на сопствената емоционална состојба и имаат повеќе картарзички отколку хедонистички ефекти. Исто како и во случајот со интензитетот на доживеаните емоции и начините на нивното изразување, и при образложувањето на причините за манифестираните реакции, женските биле тие кои почесто давале образложенија во споредба со машките, како во услови на постоење, така и во услови на непостоење совпаѓање меѓу објектот и лицето. Иако според наодите во некои други истражувања (на пример, Timmers, Fischer & Manstead, 1998) можеше да се очекува некои реакции на машките, посебно при доживувањето лутина, да бидат образложени на начин што ја имплицира моќта и го изразува мотивот за влијание врз другите, сепак, не се случи тоа. Покрај тоа, се утврди дека за учесниците полот на присутното лице во случките не е значаен фактор што би можел да придонесе за појава и на други мотиви за изразување на емоциите, покрај мотивот за подобрување на сопствената емоционална состојба.

Значи, да резимираме, добиените резултати во ова истражување претставуваат уште една потврда за постоењето родови разлики, особено во поглед на начините на изразувањето на емоциите и интензитетот на нивното доживување. Во врска со поставените прашања, очигледно е дека подисперзивни резултати се добиени при изразувањето на емоциите отколку при нивното доживување. Дисперзивноста на резултатите може делумно да произлегува од тоа што учесниците имале на располагање поголем број можности за изразување на секоја емоција отколку што било случај со самоизвестувањето за интензитетот на нејзиното доживување и образложување. Но, сепак, појавените варијации во изразувањето на емоциите не би можеле да се сведат само на тоа, туку тие недвосмислено укажуваат на фактот дека

реакциите на луѓето при доживувањето на емоциите може да бидат определени не само од нивната природа, туку и од особеностите на контекстот во кој се доживуваат и од научените начини за нивно манифестирање.

*Литература*


Allen, J. G., & Haccoun, D.M. (1976). Sex differences in emotionality: A multi-dimensional approach. *Human Relations*, 29, 711-722.

Allen, J., & Hamsher, H. (1974). The development and validation of a test emotional style. *Journal of Consulting and Clinical Psychology*, 42, 663-668.

Biaggio, M.K. (1980). Assessment of anger arousal. *Journal of Personality Assesment.* 44, 289-298.

Boden, M. T., & Berenbaum, H. (2007). Emotional awareness, gender, and suspiciousness. *Cognition & Emotion,* 21, 268-280.

Brody, L.R., & Hall, J.A. (1993). Gender and emotion. In M. Lewis & J.M. Haviland (Eds.). *Handbook of emotions* (pp. 447-461). New York: Guilford.

Chaplin, T. M., & Aldao, A. (2012, December 10). Gender differences in emotional expression in children: A meta-analytic review. *Psychological Bulletin.* Advance online publication. doi: 10.1037/a0030737

Darwin, C. (1872/1965). *The expression of the emotions in man and animals.* Chicago: University of Chicago Press.

Davis, T. L. (1995). Gender differences in masking negative emotions: Ability of motivation? *Developmental psychology, 31* (4), 660-667.

Ekman, P. (1973). *Darwin and facial expression; a century of research in review.* New York: Academic Press.

Ekman, P. (1982). *Emotion in the human face.* New York: Cambridge University Press.

Ekman, P. & Friesen, W. V. (1969). The repertoire of nonverbal behavior: Categories, origins, usage, and coding. *Semiotica,* 1, 49- 98.

Ekman, P. & Friesen, W. V. (1971). Constants across cultures in the face and emotion. *Journal of Personality and Social Psychology*, 11, 124-129.

Fischer, A.H. Manstead, A.S.R., Evers, C., Timmers, M. & Valk, G. (2004). Motives and norms underlying emotion regulation. In P. Phillipot & R. S. Feldman (Eds.), *The Regulation of Emotion* (pp. 187-212). New York: Lawrence Erlbaum Associates.

Frijda, N. H., & Mesquita B. (1994). The social roles and functions of emotions. In S. Kitayama, & H. R. Markus (Eds.), *Emotion and culture: Empirical studies of mutual influence* (pp. 51-87). Washington, DC: American Psychological Association.

Fujita, B., Harper, R., and Wiens, A. (1980). Encoding-decoding nonverbal emotional messages: Sex differences in spontaneous and enacted expressions. *Journal of Nonverbal Behavior*, 4, 131-145.

Grossman, M., & Wood, W. (1993). Gender differences in intensity of emotional experience: A social role interpretation. *Journal of Personality and Social Psychology*, 65, 1010- 1022.

Hall, J.A. (1984). On explaining gender differences: The case of nonverbal communication. In P.R. Shaver & C. Hendrick (Eds.), *Sex and gender* (Review of Personality and Social Psychology, Vol.7, pp. 177-201). Beverly Hills, CA: Sage.

Hall, J.A., & Matsumoto, D. (2004) Gender differences in judgments of multiple emotions from facial expressions. *Emotion,* 4(2), 201-206.

LaFrance, M., Hecht, M.A., & Levy Paluck, E.L. (2003). The contingent smile: A meta-analysis of sex differences in smiling. *Psychological Bulletin.* 129, 305-334.

Lombardo, W. K., Cretser, G.A., Lombardo, B. & Mathis, S.L. (1983). Fer cryin' out loud- There is sex difference. *Sex Roles*, 9, 987-996.

Matsumoto, D., & Juang, L. (2003). *Culture and psychology (3th ed.).*Belmont, CA: Wadsworth.

Matsumoto, D., & Hwang S.H. (2012). Culture and emotions: the integration of biological and cultural contributions. *Journal of Cross-Cultural Psychology,* 43, 91-118.

Scherer, K. R. (1996). Emotion. In M. Hewstone, W. Stroebe & G. M. Stephenson (Eds.) *Introduction to social psychology: A European perspective.* Blackwell publishers.

Schwartz, G., Brown, S., & Ahern, G. (1980). Facial muscle patterning and subjective experience during affective imagery: Sex differences. *Psychophysiology,* 17, 75-82.

Thompson, R. A. (1994). Emotion regulation: A theme in search of definition. *Monographs of the Society for Research in Child Development*, 59, 25-52.

Timmers, M., Fischer , A.H., & Manstead, A.S.R. (1998) . Gender differences in motives for regulating emotions. *Personality and Social Psychology Bulletin,* 24, 974-985.

Wood, W., Rhodes, N., & Whelan, M. (1989). Sex differences in positive well-being: A consideration of emotional style and marital status. *Psychological Bulletin*, 106, 249-264.

*Mihajlo POPOVSKI*
*Daniela NEDELKOVA*

## GENDER DIFFERENCES IN EXPERIENCE, EXPRESSION, AND MOTIVES FOR REGULATION OF EMOTION IN ADOLESCENTS

***Summary***

*The article reports results from research study on gender differences in experience and expression of four primary emotions: anger, fear, joy and sadness, and motives for their regulation, in situations when object and person (target) to whom emotion expression is addressed are the same or different and when a present person is of the same or opposite sex. The research was conducted on a sample of 628 high school and university students, including 259 males and 369 females. The average age of participants is 17.9 years. Generally, the results indicate that female participants experienced almost all four emotions more intensely than males, regardless of the conditions in which they were, and irrespective of the sex of the person who was present at the moment. For all participants, the most frequent motive for regulation of emotional responses was the motive for improvement of own emotional state followed by cathartic effects.*

***Keywords***: *EMOTION, EXPRESSION OF EMOTION, REGULATION OF EMOTION, GENDER DIFFERENCES*